

# ЕКСТЕНЗИЈА FOXFILTER НА FIREFOX

## УПАТСТВО ЗА РОДИТЕЛИ

MKSN
MKSafeNet



FoxFilter е додаток за Firefox, дизајниран да блокира несоодветна содржина врз основа на кориснички дефинирани критериуми и веб-страници.

# ИНСТАЛАЦИЈА НА ЕКСТЕНЗИЈАТА

1

Се вклучува прелистувачот Firefox и се оди на страницата за екстензии на Mozilla: FoxFilter на Firefox Add-ons

2

Потоа се клика на копчето „**Add to Firefox**“, а кога ќе се појави прозорец за дозволи, се клика на „**Add**“




За влез во подесувањата со десен клик се клика било каде на страна на „**Firefox**“ и потоа се одбира „**FoxFilter Settings**“:



# ИНСТАЛАЦИЈА НА ЕКСТЕНЗИЈАТА

Екстензијата има бесплатна и платена верзија. Доколку ја користите бесплатната верзија, на наредната страна се клика „**Change Limited Settings**“:




## ТАБ „MODE SETTINGS“ (ПОСТАВКИ ЗА РЕЖИМ)




***Enable filtering based upon Blocked websites, keywords and Sensitivity Settings***

Стандарден и препорачан режим за родителска контрола. Кога е избран, FoxFilter ги користи вашите правила: ја проверува содржината за **клучни зборови**, проверува дали страницата е на „**блокираната листа**“ и ги зема предвид поставките за „**чувствителност**“.

## ТАБ „MODE SETTINGS“ (ПОСТАВКИ ЗА РЕЖИМ)

***Only allow access to Trusted sites that I have specified***

Ова е т.н. „**бела листа**“ режим. Сè што не е наведено во табот „Trusted“ ќе биде блокирано. Ова е најстрогиот начин на филтрирање.

**Turn off FoxFilter**

Целосно го оневозможува филтрирањето. Сите филтри се исклучени.

## ТАБ „SENSITIVITY SETTINGS“ (ПОСТАВКИ ЗА ЧУВСТВИТЕЛНОСТ)




ОВИЕ ПОСТАВКИ ОДРЕДУВААТ КОИ ДЕЛОВИ ОД ВЕБ-СТРАНИЦАТА „FOXFILTER“ ЌЕ ГИ СКЕНИРА ЗА БЛОКИРАНИ КЛУЧНИ ЗБОРОВИ.

***Examine URL (Web address)***
Го проверува линкот за клучни зборови. Ова е брз и ефикасен начин да се блокираат очигледни несоодветни линкови (на пр. линк што содржи збор како „porn“ или „gambling“).

***Examine Title (Title that appears in browser title bar)***
Го проверува насловот на табот во прелистувачот. Насловите на несоодветните страници често содржат провокативни зборови.

## ТАБ „SENSITIVITY SETTINGS“ (ПОСТАВКИ ЗА ЧУВСТВИТЕЛНОСТ)

***Examine Meta Content***
Ги проверува скриените податоци на страницата што се невидливи за корисникот, но кои им помагаат на пребарувачите да ја класифицираат страницата. Помага да се фатат страници кои ја кријат својата вистинска содржина.

***Examine Body Content (visible content of the Web page)***
Го проверува целиот видлив текст на веб-страницата, најважниот чекор за филтрирање на клучни зборови. Ако ова поле не е штиклирано, FoxFilter нема да го проверува главниот текст на страницата.

## ТАБ „BLOCKED“ (БЛОКИРАНО)




***Blocked Keywords & Sites***

Листата веќе содржи термини поврзани со содржина за возрасни (18+, adult content, adults only, итн.). Секој сајт или содржина што содржи текст во оваа листа(во зависност од поставките за чувствителност) ќе биде блокиран.

Пример: коцкање, оружје, насилство, сајт за обложување, експлозив, tiktok.com, reddit.com итн.

# ТАБ „BLOCKED" (БЛОКИРАНО)

***Ignore Keyword Matches Within These Phrases***

Т.н. исклучок. Ако некој од блокираните клучни зборови се појави како дел од збор на оваа листа, FoxFilter не го блокира, т.е. го игнорира. Ако некој легитимен сајт (пр. за едукација) е блокиран поради присуство на еден клучен збор, се додава тој збор или фраза во оваа листа за да се деблокира.

Пример: Ако е блокиран зборот „sex“, може да се додаде зборот middlesex во оваа листа и FoxFilter нема да ја блокира страницата на Универзитетот Мидлсекс.

# ТАБ „TRUSTED SITES" (ДОВЕРЛИВИ САЈТОВИ)




Секоја веб-страница што е наведена овде нема да е блокирана, дури и ако содржи блокирани клучни зборови.

**Препораки**

За да се обезбеди нормално функционирање, може да се додадат следните категории на сајтови:

-**Едукативни сајтови** како сајтот на училиштето или универзитетот на детето, образовни платформи што ги користите (на пр. moodle.org, khanacademy.org).

-**Безбедни пребарувачи** (google.com, duckduckgo.com)

-**Официјални сајтови** како сајт на банка (ако детето има пристап до истиот компјутер за други цели), официјални сајтови за вести или државни институции.

# ТАБ „ALERTS“ (ИЗВЕСТУВАЊА)




***Show Blocked Keywords***

FoxFilter предупредува дека ова може да открие несоодветна содржина, бидејќи ќе го прикаже самиот блокиран збор (пр. порнографија). За најголема безбедност, ОТШТИКЛИРАЈ го ова поле. Детето треба да знае дека содржината е блокирана, но не и зошто, за да не го научи блокираниот термин.

***Custom Alert URL***

Ова е функција само за платените „Pro & Enterprise Plans“ на екстензијата. Кај бесплатната верзија, при блокирање на некоја ртаница ќе се прикаже стандардната страница за блокирање на FoxFilter.

# ТАБ „SECURITY“ (БЕЗБЕДНОСТ)




ЦЕЛТА НА ОВОЈ ЧЕКОР Е ДА СЕ СПРЕЧИ FOXFILTER ДА БИДЕ ЗАОБИКОЛЕН, ДЕИНСТАЛИРАН ИЛИ ОНЕВОЗМОЖЕН БЕЗ ЗНАЕЊЕ.